# 50. МИ ПОСАДИЛ ДЕДО СИТЕН БЕЛ БОСИЛОК

Крај: Тиквеш, Неготино
Пеела: Елица Ристова
Родена: Неготино, 1942 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 250/1
Снимена: Неготино, Тиквеш
27 октомври 1959 год.
Мелограф.: Скопје, 27.05.1964.




Ми посадил дедо ситен бел босилок.
Ми се научиле, до две, до три моми,
до две, до три моми, босилок да крадат,
босилок да крадат, зулум да му чинат.
Ми се закрил дедо зад прасово перо,
ми ги фатил дедо, до две, до три моми.
Првата му вели: пушти мене дедо,
пушти мене дедо, внука ќе ти бидам.
Втората му вели: пуши мене дедо,
пушти мене дедо, јзе сум попова.
Ако си попова, за мене готова.
Третата му вели: пушти мене дедо,
пушти мене дедо, внука ќе ти бидам.

Забелешка: Интерполацијата „леле“ се пее во скеој стих.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978